Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2021-2024 ЗА ПЕРИОД 01 ЈУЛИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци, изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Третиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.07 - 31.12.2022 година.

Откако ќе се спроведе Планот за интегритет 2021-2024, во 2025 година, ќе се изврши целосна анализа на напредокот постигнат со спроведувањето на Планот.

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група за градење интегритет во Министерството за одбрана.

За периодот 01.07 - 31.12.2022 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2022 година, беа планирани девет активности или поделено по области: Човечки ресурси – две активности, Судир на интереси – две активности, Меѓународни мисии и операции – една активност, Јавни набавки – две активности и Внатрешна контрола – две активности. Реализираните активности се спроведоа со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Седум активности се реализираа во целост согласно планираното, додека две активност од областа на Меѓународни мисии и операции (Активност 16 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024) и од областа на Јавни набавки (Активност 3.1.4 од Планот на активности за 2022 година), не се реализираа во вторите шест месеци од 2022 година. Имено, CIDS има овластување да работи на “цивилните“ аспекти за градење интегритет во одбраната, и оттука за активностите директно насочени кон армиските сили ќе треба да добие согласност од норвешките национални власти дали може да се обезбеди ваков вид на поддршка.

Координатор на Работна група за градење интегритет
Владимир Анчев

**X. Област I: - Управување со човечки ресурси**

| **Репер:** - Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 1. Преглед на системот за воведување на пишана евиденција за целиот процес на вработување и унапредување | Изработена анализа за зајакнување на сегашниот систем на водење на пишана евиденција за целиот процес на вработување и унапредување | Да | Подобрување на системот на земање и водење на пишана евиденција за целиот процес на вработување и унапредување | / | Активност 3 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 2.1.2 од Планот на активности за 2022 година)<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |
| 2. Градење на капацитети преку обука на вработени од Секторот за човечки ресурси за спроведување на анализа на работни места. | Реализација на обука за анализа на работни места за вработените во Секторот за човечки ресурси | Да<br>Реализирана обука 19-20 Септември 2022 година | Зголемени вештини на вработените во Секторот за човечки ресурси во насока на спроведување анализа на работните места во Министерството за одбрана | 11 | Активност 2.1.3 од Планот на активности за 2022 година<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |

**Област II: - Судир на интереси**

**Репер:** - Подобрени механизми за спречување судир на интереси

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Дизајнирање и спроведување на обука “Законитост во донесувањето на одлуки“ | Реализација на обука поврзана со законитост во донесувањето на одлуки | Да<br><br>Реализирана обука на 06 - 07 јуни 2022 година | Дизајнирана и испорачана обука.<br><br>Зголемено знаење и подобрени вештини на персоналот во областа на законитост во одлучувањето. | 22 | Активност 1.1.6 од Планот на активности за 2022 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |
| 4. Предлог за воспоставување на систем во МО и Армијата за систематско и континуирано управување и следење на судирот на интереси | Изработен предлог за систем на управување и следење на судирот на интереси | Да | Зајакнување и консолидирање на постоечкиот систем за следење на судирот на интереси. | / | Активност 15 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 1.1.7 од Планот на активности за 2022 година)<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |

**Област III: - Меѓународни мисии и операции**

| **Репер:** - Подобрени заштитни мерки за спречување корупција во меѓународни мисии и операции | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 5. Воспоставување на систем за забележување на научените лекции од минатото распоредување во меѓународни мисии и операции од перспектива на ризици од корупција | Изработена процедура за евидентирање на научените лекции од распоредувањето во врска со ризиците од корупција. | Не | / | / | Активност 17 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 1.1.8 од Планот на активности за 2022 година)<br><br>Активноста не се реализира во планираниот период (4 квартал на 2022 година) од причина што CIDS има овластување да работи на “цивилните“ аспекти во одбраната, и оттука за активностите директно насочени кон армиските сили ќе треба да добие согласност од норвешките национални власти дали може да се обезбеди ваков вид на поддршка.<br><br>По добивањето на согласност, активноста ќе биде реализирана. |

**Област: IV - Јавни Набавки**

**Репер:** - Подобрена организациска структура и институционален капацитет за да се обезбеди интегритет и транспарентност во јавните набавки

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. Изработка на модул и воведување на обука за изработка на технички спецификации во процесите на јавни и одбранбени набавки | Реализација на обука за изработка на технички спецификации | Да<br><br>Реализирана обука на 08 -09 ноември 2022 година | Зголемено знаење и подобрени вештини на вработените за проектирање на техничките спецификации во процесите на јавни и одбранбени набавки. | 19 | Активност 21 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 3.1.3 од Планот на активности за 2022 година)<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |
| 7. Дизајнирање и воведување Упатство за теренски набавки во меѓународните мисии и операции | Изработено Упатство за теренски набавки во меѓународните мисии и операции | Не | Практична примена на Упатството за теренски набавки во меѓународните мисии и операции. | / | Активност 3.1.4 од Планот на активности за 2022 година<br><br>Активноста не се реализира во планираниот период (4 квартал на 2022 година) од причина што CIDS има овластување да работи на “цивилните“ аспекти во одбраната, и оттука за активностите директно насочени кон армиските сили ќе треба да добие согласност од норвешките национални власти дали може да се обезбеди ваков вид на поддршка. |

**Област: VI - Внатрешна контрола**

| **Репер:** - Зголемена улога на внатрешната ревизија и на инспекторатот во градењето интегритет | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 8. Дизајнирање и спроведување на обука на тема “Слободен пристап до информации и заштита на укажувачи“ | Реализација на обука поврзана со слободен пристап до информации и заштита на укажувачи во одбранбениот сектор | Да<br><br>25-26 октомври 2022 година | Зголемена свест на вработените во областа на слободниот пристап до информации, како и согледување на најдобрите практики од оваа област | 21 | Активност 1.1.5 од Планот на активности за 2022 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |
| 9. Анализа на постојниот систем за заштита на укажувачите во МО и Армијата | Изработена Анализа на постојниот систем за заштита на укажувачите во МО и Армијата | Да | Препораки за подобрување на постоечкиот систем и практики за заштита на укажувачите во рамките на МО и Армијата со цел имплементација на истите | / | Активност 34 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 1.1.9 од Планот на активности за 2022 година)<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |